Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Врз основа на член 17 и член 17- а став 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), член 16, член 16 -а, член 26, член 27 и член 27-а од Статутот на Јавното претпријатие „Колекторски систем“ бр.01-4/2 од 3.6.2019 година, бр. 02-386/5 од 21.5.2021 година и бр.02-538/3 од 8.8.2022 година, и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.283/2022), Владата на Република Северна Македонија распишува:

## Ј А В Е Н П О В И К Бр. 18/2023
### за пријавување на заинтересирани лица за именување на 6 (шест) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем

1. Владата на Република Северна Македонија на предлог на генералниот секретар, распишува Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 6 (шест) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, со мандатот од четири години, со право на уште еден последователен мандат.

2. Назив на јавното претпријатие: Јавно претпријатие Колекторски систем.
3. Шифра и дејност на Јавното претпријатие Колекторски систем според Националната класификација на дејности (НКД) е:
   - 37.00 - Отстранување на отпадни води.

4. Надлежности на Јавното претпријатие Колекторски систем:

   Претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на заштита на животната средина, односно собирање, одведување и прочистување на отпадни води преку канализациони системи со пречистителни станици (колекторски системи) и нивно испуштање во реципиент за заштита на Охридското Езеро, како и:

- Управување со колекторски систем на Охридското Езеро ;
- Одржување и развој на колекторски систем на Охридското Езеро;
- Постојано следење и контрола на состојбите на колекторски систем на Охридското Езеро на Охридското Езеро ;
- Преземање мерки за рационално користење на средствата наменети за колекторски систем на Охридското Езеро;
- Вршење на инвеститорски работи од областа на колекторски систем на Охридското Езеро;
- Наплата на надоместоците (волуметриски надоместок; паушал на живи води) за користење на колекторскиот систем на Охридското Езеро;
- Задолжувања кај домашни и странски финансиски институции, согласно Закон;
- Организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, рехабилитацијата, одржување, заштита и наплата на надоместоци за користење (волуметриски надоместок; паушал на живи води) со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со закон;

- Давање на вршење на работите за изградба реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита и наплата на надоместоци (волуметриски надоместок; паушал на живи води) за користење на колекторскиот систем на правни лица во согласност со закон;
- Предлага одлука за започнување на постапка за давање на концесија и/или јавно приватно партнерство;
- Издава одобренија и дава мислења;
- Организирање на активности поврзани со вршење на броење на корисници, заштита на колекторски систем, и формирање на неопходни бази на податоци врз основа на броење и преземени податоци од постоечки претпријатија и
- други работи согласно Законот за комунални дејности и Законот за животната средина.

5. Веб страница на Јавното претпријатие колекторски систем www.kolektorskisistem.com.mk
6. За член на управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
   - да е државјанин на Република Северна Македонија,
   - има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
   - во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
   - членовите на управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
     - два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, (согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика),
     - најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
     - најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
     - најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

7. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
   - да е државјанин на Република Северна Македонија,
   - има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
   - во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност
   - членовите во Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:
     - еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
     - еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
     - еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

8. Со пријавата кандидатите треба да ја доставаат следната документација:
   1) Образаец за пријавување;
   2) Кратка биографија;
   3) Писмо за интерес/мотивација за позицијата за која аплицира;
   4) Уверение за државјанство;
   5) Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, соодветно за местото за кое се пријавува;
   6) Потврда дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
   7) Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж;

8) Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација
9) Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

9. Документите од точка 8 треба да бидат поднесени во оригинал или копија заверена на нотар и истите се доставуваат до архивата на Владата на Република Северна Македонија или по пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија бул.„Илинден“ бр.2, 1000 Скопје со назнака: „За Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за именување на 6 (шест) члена на Управниот одбор и 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем “.
10. Членовите на управниот/надзорниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие- Владата на Република Северна Македонија.
11. Член на управниот одбор/надзорниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие. Секој член на управниот одбор, е должен да го предупреди основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот/надзорниот одбор.
12. Неспојливи се функцијата претседател и член на управниот/надзорен одбор на јавното претпријатие со функциите претседател и членови на Владата на Република Северна Македонија.
13. Работните задачи, одговорности и обврски на членовите на управниот/надзорниот одбор се утврдени согласно Законот за јавните претпријатија, Статутот на јавното претпријатие и Деловникот за работа на Управниот одбор.
14. Управниот одбор на првата седница од своите редови избира претседател и заменик претседател.
15. Членовите на управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем примаат надомест согласно Одлука бр.02- 590/2 од 19.8.2021 година и тоа: претседател: 12.000,00 денари и членови: 10.000, 00 денари.
16. Членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Колекторски систем, примаат надомест согласно Одлука бр.02-590/3 од 19.8.2021 година и тоа: претседател: 7.800,00 денари и членови: 6.000, 00 денари.
17. Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 10 работни дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.
18. Повикот ќе биде објавен на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб страницата на Јавното претпријатие Колекторски систем
[www.kolektorskisistem.com.mk](http://www.kolektorskisistem.com.mk)

19. Краен датум за пријавување е 25.12.2023 година.
20. Постапката на селекција на кандидатите за членови на Управниот/адзорниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем ќе го спроведе Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој на Владата на Република Северна Македонија и истата се состои од две фази, и тоа: Фаза 1 - административна селекција и Фаза 2 – интервју. За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува. Административната селекција завршува најдоцна 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик. Комисијата, најдоцна десет дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција. Начин на бодување на секоја од фазите на селекција е утврден согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.283/2022).
21. Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на веб- страницата на основачот на јавното претпријатие.

22. Непополнета и нецелосната пријава како и некомплетната документација и документацијата доставена по истек на рокот за аплицирање нема да биде разгледувана.